Триглав Осигурување Живот АД
Бул. 3-та Македонска бригада бр.36
1000 Скопје

triglav

ПГ-Д-ДНЗ
26-06

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ЛИЦА ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ СКЛУЧЕНО КОН ОСИГУРУВАЊЕТО НА ЖИВОТОТ

Член 1
ОПШТИ ОДРЕДБИ

[1] Посебните услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај склучено кон осигурувањето живот (во натамошниот текст „посебни услови“) се составен дел на договорот за осигурување на животот, кој е склучен помеѓу договорувачот и Триглав Осигурување Живот АД Скопје (во натамошниот текст: „осигурувачот“).

[2] Со овие Посебни услови се регулираат односите помеѓу осигурувачот и договорувачот за следните осигурителни опасности, кои се последица на несреќен случај за:

- смрт,
- траен инвалидитет;
- инвалидност со исплаќање на месечна рента за инвалидитет,
- сместување и лекување во болница.

[3] Со осигурувањето на лица од последици на несреќен случај може да се осигура лице за случај на смрт поради несреќен случај, за траен инвалидитет поради несреќен случај, за надомест за болнички ден во случај на сместување и лекување на осигуреникот во болница и за случај на инвалидитет од 50% и повеќе (месечна рента за инвалидитет), и тоа само во случај ова осигурување да биде приклучено кон основното осигурување на животот.

[4] Надоместок за болнички ден се исплаќа само во случај кога сместувањето и лекувањето на осигуреникот во болница е последица на несреќен случај.

Член 2
ЛИЦА КОИ МОЖЕ ДА СЕ ОСИГУРААТ ПОД ОВИЕ УСЛОВИ

[1] Според овие услови осигуреници можат да бидат лица на возраст од 14 до 75 години.

[2] Лицата, чија општа работна способност е намалена поради потешка болест, потешки телесни мани и недостатоци во смисла на член 6, став 1, точка 6, се осигуруваат со плаќање на зголемена премија.

[3] Лицата чија општа деловна способност е намалена поради вродени или стекнати телесни мани и недостатоци, како и болест, може да се осигураат по зголемени премиски стапки, според одредбите на тарифите на премии за осигурување живот. Во случај на зголемена опасност за настапување на осигурен случај поради вршење на професија или поради спортска дејност во согласност со Табелата за ризици која ја определува Осигурувачот се пресметува доплата на премијата за осигурување.

[4] Лицата, на кои во целост им е одземена работната способност, во секој случај се исклучени од осигурувањето, освен ако со законски прописи не е определено поинаку.

Член 3
ПОИМ НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ

[1] За несреќен случај се смета секој ненадеен и од волјата на осигуреникот независен настан, кој дејствувајќи однадвор и нагло врз телото на осигуреникот, за последица ја има неговата смрт, целосен или делумен инвалидитет или минлива неспособност за работа која бара лекување во болница.

[2] Несреќен случај во смисла на претходниот став претставува, пред сè: прегазување, судар, удар со или во некаков предмет, струен удар или удар од гром, паѓање, лизгање, повредување со оружје, други предмети или со експлозивни материи, убод со некаков предмет, удар или каснување од страна на животни.

Член 4
ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО И ПОКРИТИЕТО

[1] Осигурувањето започнува во 24:00 часот на денот означен на полисата како почеток на осигурувањето и завршува во 24:00 часот на денот означен како крај на осигурувањето, освен ако поинаку не е договорено.

[2] За почеток и крај на осигурувањето и обврските на осигурувачот важат одредбите од Општите услови на основното осигурување на живот. За откажување важат одредбите од овие услови.

Во случај на зголемување или намалување на осигурените суми од ова осигурување, осигурувачот гарантира со новите суми за осигурување од 00:00 часот на датумот кој на полисата со додаток е наведен како почеток на измената.

[3] Ако на полисата е наведен само почетокот на осигурувањето, осигурувањето се продолжува од година во година (перманентно), сè додека некоја од странките не го откаже.

[4] Осигурувањето за секој поединечен осигуреник престанува, без оглед на тоа дали и колкаво времетраење било договорено, во 24:00 часот на денот кога:

1) согласно Општите услови за основното осигурување на живот истекува рокот за уплата на доспеаната рата за премија, а премијата не е платена во рамките на рокот дефиниран со одредбите кои се однесуваат на последиците од неплаќање на премијата за осигурување;
2) ќе истече или ќе престане да важи основното осигурувањето на живот по истата полиса од било која причина;
3) ќе истече годината на осигурување, во која осигуреникот наполнил 75 години старост;

4) договорот е откажан според членот 15 од овие услови.

[5] Ако не е поинаку договорено и определено во полисата за осигурување, осигурителното покритие започнува во 24:00 часот оној ден кој на полисата е наведен како почеток на осигурувањето, но не пред 24:00 часот оној ден кога била платена првата премија или рата од премијата.

Член 5

ОБЕМ НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ

[1] Кога ќе настане несреќен случај во смисла на овие услови, осигурувачот врши исплата на:
1) осигурена сума за смрт, ако осигуреникот починал поради несреќа;
2) осигурена сума за инвалидитет, ако поради несреќниот случај кај осигуреникот настанал целосен инвалидитет;
3) осигурената сума за инвалидитет, која е адекватна на процентот на инвалидитет според Табелата на инвалидитет, ако поради несреќниот случај настапил траен инвалидитет кај осигуреникот. За последиците од повредите, кои не се експлицитно наведени во Табелата за инвалидитет, осигурувачот нема обврски;
4) месечна рента за инвалидитет, во согласност со одредбите од овие посебни услови;
5) надоместок за болнички ден, во согласност со одредбите од овие посебни услови.

[2] Обврската на осигурувачот е дадена за несреќни случаи, кои се случиле за времетраењето на осигурителното покритие и само за оние последици од несреќниот случај кои биле утврдени во медицинската документација.

Член 6

ОГРАНИЧУВАЊА НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ

[1] Ако не е посебно договорено и ако не е платена соодветната зголемена премија, договорените осигурени суми се намалуваат пропорционално во сооднос помеѓу платената премија и премијата која би требало да се плати, кога ќе настане несреќен случај:
1) при извршување на особено опасни работи како што се: демонтирање на мини, гранати и други експлозивни средства, гонење при лов, каскадерство и настапување во посебно опасни филмски улоги, изведување на професионални и врвни спортски активности, професионално нуркање;
2) при управување и возење со летала и летачки направи од сите видови, освен за патниците во јавниот сообраќај;
3) на трки со моторни возила, без оглед на категоријата на возилото и на тренинзите;
4) при спортско учество на индивидуални или организирани тренизи како и јавни спортски натпревари, на кои осигуреникот учествува како регистриран член на спортската организација или друштво;
5) поради воени операции или немири, освен ако во нив не учествувал активно;
6) кај лицата, кои прележале некоја тешка болест, или при склучувањето на договорот за осигурување се тешко болни, или имаат вродени или стекнати тешки телесни мани или недостатоци, заради што нивната општа работна способност според овие услови е намалена за повеќе од 50%.

Член 7

Осигурувачот ќе ја исплати математичката резерва од основното осигурување, ако смртта на осигуреникот настапила поради:

1. Земјотрес;
2. Воени или слични дејствија, саботажа, терористички активности, инциденти, револуции, без оглед на тоа дали осигуреникот учествувал во нив;
3. Поради активно учество во вооружени акции, освен ако во нив осигуреникот учествувал при извршување на своите работни задачи или на повик на овластените тела во државата;
4. Поради поплава;
5. Извршување на смртна казна;
6. Како последица на директна или индиректна последица од атомска катастрофа;
7. При управување со летала и летачки направи од сите видови, пловни објекти, моторни возила кои не се регистрирани или се управувани без пропишана важечка дозвола за управување со видот и типот на леталото, пловниот објект, моторното и друго возило. Се смета дека осигуреникот има пропишана возачка дозвола кога поради припрема и при полагање на испитот за добивање службена дозвола, вози под непосреден надзор на лице кое според постојните прописи може да обучува;
8. Поради подготвување, обид или извршување на казнено дело, како и при бегство после тоа;
9. Кога осигуреникот учествувал во физичка пресметка, освен во случаите на докажана самоодбрана;
10. При управување на моторно возило во спротивност со одредбите од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата;
11. Поради дејство на алкохол, опојни или психотропни супстанци на осигуреникот во моментот на несреќниот случај.

Се смета дека несреќниот случај настанал поради дејство на алкохол, опојни или други наркотици на осигуреникот:

- Ако како возач на моторното возило при несреќниот случај во крвта имал повеќе од 10,8 мил на мол (0,5‰) алкохол или повеќе од 21,6 мил на мол (1‰) алкохол при другите несреќни случаи;
- Ако алкотестот е позитивен, а осигуреникот не се погрижи со анализа на крвта детално да се утврди степенот на алкохол во крвта;
- Ако одбие или ја избегне можноста за утврдување на степенот на неговата алкохолизираност;
- Ако како сопатник во крвта имал повеќе од 10,8 мил на мол (0,5‰) алкохол или повеќе од 21,6 мил на мол (1‰) алкохол и таквата состојба имала причинска врска со настанокот на осигурениот случај;

Се смета дека несреќниот случај настанал поради дејство на опојни или други наркотици на осигуреникот:

- Ако со стручен преглед се утврди дека искажува знаци на растроеност поради уживање на опојни или други наркотици;
- Ако одбие или ја избегне можноста за утврдување на присуството на опојни и други наркотици во неговиот организам;
- Доколку е потребно да се утврди причинско-последична врска во поглед на настанување на несреќниот случај поради дејство на алкохол, опојни или други наркотици кај осигуреникот, осигуреникот е должен да докаже дека не постои негова одговорност за настанување на несреќниот случај, а во спротивно ќе се смета дека одговорноста е негова, со што е исклучена обврската на осигурувачот;

12. Како последица на нелегално извршување на работи од страна на осигуреникот кој не бил пријавен во задолжително социјално осигурување;
13. Како непридржување на осигуреникот кон предвидените мерки за безбедност и правила на користење на соодветна заштитна опрема при извршување на работните задачи на

работното место, утврдени во постојните прописи.

Член 8

ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈА

[1] Премијата се плаќа однапред, одеднаш за целата година на осигурување. Ако е договорено годишната премија да се плаќа на полугодишни, квартални, месечни рати, на осигурувачот му припаѓа премијата за целата година на осигурување. Премијата се плаќа заедно со премијата за основното осигурување живот.

Член 9

ПРОМЕНА НА ОПАСНОСТИТЕ ЗА ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

[1] Договорувачот, односно осигуреникот е обврзан на осигурувачот да му пријави промена на своите редовни задачи и работи.

[2] Ако поради тие промени се зголемила опасноста, осигурувачот има право да ја зголеми премијата, а ако опасноста се намалила осигурувачот мора да предложи намалување на премијата или зголемување на осигурените суми. Така утврдените осигурени суми и премија важат од денот на промената на работните задачи.

[3] Ако договорувачот не пријави промена на работните задачи или не се согласи на зголемување, односно намалување на премијата во рок од 14 дена, во случај на настапување на осигурен случај, осигурените суми се зголемуваат или намалуваат во однос меѓу платената премија и премијата, која би требало да биде платена.

Член 10

ПРИЈАВУВАЊЕ НА НЕСРЕЌНИОТ СЛУЧАЈ

[1] Договорувачот, осигуреникот или корисникот е должен писмено да му го пријави несреќниот случај на осигурувачот по завршеното лекување. Пријавата се пополнува на образец на осигурувачот и освен пропишаната медицинска документација, се доставува и друга потребна документација.

[2] Осигуреникот, кој е повреден поради несреќен случај е должен:

1) по можност веднаш да се пријави кај лекар, односно да повика лекар поради преглед и давање на потребна помош и веднаш да ги преземе сите потребни мерки за лекување како и да ги почитува упатствата на лекарот за начинот на лекување;
2) да обезбеди соодветни докази за случувањето и текот на несреќниот случај;
3) по писмен пат да го пријави несреќниот случај кај осигурувачот кога тоа ќе му го овозможи здравствената состојба;
4) во пријавата за несреќниот случај да му ги даде на осигурувачот сите потребни известувања и податоци, кои ги бара осигурувачот за решавање на осигуреният случај, а посебно: местото и времето кога се случил несреќниот случај, целосен опис на случувањето на несреќниот случај, име на лекарот кој го прегледал или го лекувал, лекарски наоди, фотокопија од евиденцијата на болеста кај матичниот лекар, фотокопија од потврдата за оправдана задржаноста од работа (болнички лист), фотокопии од упатите на прегледи (упати), доказ за престој во болница (отпусно писмо), и друга документација за текот на лекувањето, видот на телесни повреди, за настанатите и за можните последици, како и податоците за телесните мани, недостатоци и болести, кои ги имал пред несреќниот случај.

[3] Ако несреќниот случај предизвикал смрт на осигуреникот, корисникот на осигурувањето тоа треба веднаш писмено да го пријави кај осигурувачот и да ја обезбеди потребната документација.

[4] Осигурувачот не ги покрива адвокатските трошоци, односно трошоците за друго застапување во постапката на пријава и решавање на осигуреният случај како и трошоците во жалбената постапка.

[5] Осигурувачот е овластен и има право од осигуреникот, договорувачот, корисникот, здравствената установа или кое било друго правно или физичко лице да побара дополнителни објаснувања и докази, и на свој трошок да побара лекарски преглед и на осигуреникот преку своите лекарски комисии за утврдување на важни околности во врска со пријавениот несреќен случај.

[6] Ако осигуреникот не постапи според одредбите од точка 1 на став (1) од овој член, иако поради таквото постапување придонесе за настанок на инвалидитет или придонесе инвалидитетот да биде поголем отколку што инаку би бил, има право само на размерно намален надомест.

[7] Ако договорувачот, осигуреникот или корисникот не го пријави несреќниот случај со соодветна документација според одредбите на овие Општи услови, туку веднаш поведе судски спор против осигурувачот, осигурувачот веднаш ќе го повика тужителот на поднесување на пријава на осигуреният случај и повлекување на судската тужба.

Член 11

УТВРДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА КОРИСНИКОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

[1] Ако поради несреќниот случај настапи смрт кај осигуреникот, корисникот е должен да ја поднесе полисата и докази дека смртта настапила како последица на несреќен случај. Ако лицето кое настапува како корисник, а како такво не е изрично наведено како такво во договорот за осигурување, мора да го докаже правото за примање на осигурените суми.

[2] Во случај на остварување на правата од склученото осигурување, осигуреникот мора да ја достави полисата, докази за околностите за случување на несреќниот случај и докази за текот и завршувањето на лекувањето како и настанатите последици за определување на конечниот степен на инвалидитет.

[3] Степенот на инвалидитет се определува според Табела за определување процент на траен инвалидитет како последица од несреќен случај-незгода според утврдената и со здравствената документација докажана дијагноза. Индивидуалните способности на осигуреникот, социјалната положба или работното подрачје (професионална способност) не се земаат предвид при определувањето на степенот на инвалидитет.

[4] За повеќекратни повреди на ист екстремитет или орган осигурувачот е обврзан да го исплати најмногу оној процент на инвалидитет, кој во Табелата е определен за целосна загуба на екстремитетот или органот, односно дел од екстремитетот или органот.

[5] Ако општата работна способност на осигуреникот уште пред несреќниот случај била намалена, обврската на осигурувачот се определува според новиот инвалидитет, независно од претходниот, освен во случај кога осигуреникот загуби или повреди веќе претходно повреден екстремитет, орган или зглоб. Во таков случај осигурувачот врши исплата само на разликата меѓу претходниот и новиот степен на инвалидитет, но најмногу разликата до инвалидитетот, кој според Табелата е предвиден за неподвижност на зглобот, односно целосна загуба на екстремитетот или органот, односно дел од екстремитетот или органот.

[6] Осигурувачот не ги покрива трошоците за добивање на медицинска документација, вклучително со преводите и копиите од таа документација, кои осигуреникот е должен да ги поднесе како доказ за настанувањето, постоењето и опсегот на осигуриниот случај. Осигурувачот има право на свој трошок да преземе сè што е потребно за преглед на осигуреникот кај лекар, лекарски комисии или во здравствени установи.

Член 12

ИСПЛАТА НА ОСИГУРЕНИТЕ СУМИ

[1] Осигурувачот врши исплата на осигурената сума, односно нејзин соодветен дел на корисникот или на осигуреникот во рок од 14 дена по приемот на сите докази за постоењето и висината на својата обврска.

[2] Ако осигуреникот умрел поради која било друга причина, која не е последица од несреќниот случај, најдоцна во рок од три години од денот на несреќниот случај, а степенот на инвалидитет сè уште не бил одреден, инвалидитетот се определува врз основ на постоечката медицинска документација. Покрај, евентуално, веќе претходно исплатена аконтација за инвалидитет, осигурувачот исплаќа само уште разлика до утврдениот степен на инвалидитет.

[3] Конечниот степен на инвалидитет се определува по завршеното лекување, кога последиците од повредите ќе се смират, а тоа е, кога според оценката на лекарот не може да се очекува да состојбата ниту се подобри ниту се влоши. Ако таа состојба не настапи ниту по три години по несреќниот случај, како конечна се зема состојбата по истекувањето на тој рок и според неа се определува крајниот степен на инвалидитет. Евентуалното натамошно влошување на здравствената состојба не влијае на обврската на осигурувачот, бидејќи обврската на осигурувачот (краен степен на инвалидитет) се определува по изминувањето на три години од случувањето на незгодата. Степенот на инвалидитет го одредува лекарот на осигурувачот, врз основ на поднесената медицинска документација и извршениот лекарски преглед, освен ако осигурувачот не одлучи поинаку.

[4] Сè додека не е можно да се утврди крајниот степен на инвалидитет на осигуреникот, осигурувачот може да исплати износ, кој неспорно одговара на степенот на инвалидитет, за кој врз основ на лекарската документација можело дури и тогаш без сомнение да се утврди дека трајно ќе остане.

[5] Ако несреќниот случај има за последица инвалидитет на осигуреникот по Табелата за инвалидитет во висина од 50% или повеќе и ако со договорот за осигурување е договорена исплата на месечна рента за инвалидитет, осигурувачот започнува да ја исплаќа месечната рента за инвалидитет од следниот месец, кога во согласност со став 4 од овој член е утврден конечниот степен на инвалидитет и ја исплаќа во времетраење од 5 години. Во случај на смрт на осигуреникот за време на исплаќањето на месечната рената за инвалидитет, се продолжува со исплаќањето на остатокот од ратите на месечната рента за инвалидитет на корисникот за случај на смрт. Исплаќањето на месечната рента за инвалидитет по договорот за осигурување е ограничено најмногу за еден несреќен случај за поединечен осигуреник во времетраењето на осигурувањето.

[6] Ако поради несреќен случај е потребно сместување и лекување во болница и по договорот за осигурување е договорен и надомест за болнички ден, осигурувачот го исплаќа договорениот износ за болнички ден за секој календарски ден за сместување на осигуреникот во болница, но најмногу за 365 дена во текот на две години од денот на несреќниот случај. За болници се сметаат општи и специјални болници и клиники, чија дејност е комплексна дијагностика и лекување. Лекувалишта, домови и установи за рекреација и одмор не се сметаат за болници.

[7] Ако несреќниот случај како последица има смрт или инвалидитет на осигуреникот, осигурувачот на корисникот, односно на осигуреникот му ја исплаќа осигурената сума или нејзин дел, договорен за такви случаи, без оглед на евентуално исплатениот надомест за болнички ден.

[8] Ако во договорот за осигурување е договорена и месечна рента, во случај, кога инвалидитетот поради еден несреќен случај според Табелата за инвалидитет изнесува 50% или повеќе, осигурувачот ќе ја исплаќа договорената месечна рента во период од 5 години. Во тој случај престанува осигурувањето на тој ризик.

[9] Осигурувачот исплаќа 150% од договорената сума во случај на смрт поради несреќен случај, ако осигуреникот во согласност со одредбите на Посебните услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај, умре како учесник во сообраќајна несреќа или во рок од една година по сообраќајната несреќа од нејзините последици. За сообраќајната несреќа се смета секој настан во кој учествува барем едно сообраќајно средство што се движи. Како сообраќајни средства се сметаат возило, воздухоплов, чамец, велосипед и велосипед со помошен мотор.

Притоа:

- како возило се сметаат сите моторни и приклучни возила определени со Законот за безбедност на

сообраќајот на патиштата, кои имаат важечка сообраќајна дозвола;
- чамец е пловило определено согласно законските прописи;
- воздухоплов е направа како што е определено во Законот за воздухопловство;
- велосипед е возило како што е определено со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата;
- велосипед со помошен мотор е возило како што е определено со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата;

[10] Ако во договорот за осигурување е договорен надомест за болнички ден, осигурувачот исплаќа надомест за болнички ден и во случај на сместување и лекување на осигуреното лице во болница како последица од зараза со салмонела, односно легионела. Притоа, осигурувачот е обврзан да исплати осигурување само ако наведената зараза е докажана во медицинската документација и ако осигуреникот е примен во болница и е лекуван само поради таа зараза.

Член 13

ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КОРИСНИЦИ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

[1] Корисникот за случај на смрт на осигуреникот се определува на полисата.

[2] Ако на полисата или во дополнителните услови не е поинаку договорено, корисници во случај на смрт на осигуреникот се:
1) децата и брачниот другар на осигуреникот со еднакви делови;
2) ако нема брачен другар, децата на осигуреникот со еднакви делови;
3) ако нема деца, брачниот другар и родителите на осигуреникот. Во тој случај на брачниот другар му припаѓа половина од осигурената сума, а другата половина на родителите, односно на оној од родителите, кој е жив. Ако родителите на осигуреникот умреле пред него, целата осигурена сума му припаѓа на брачниот другар;
4) ако нема брачен другар, ниту деца, родителите на осигуреникот во еднакви делови. Ако е жив само еден од родителите, нему му припаѓа цела осигурена сума;
5) ако нема лица, наведени во претходните точки од овој став, корисници се наследниците на осигурувачот врз основа на правосилно оставинско решение.

[3] За брачен другар се смета лицето, кое било со осигуреникот во брак за време на неговата смрт.

[4] Во случај на инвалидитет или инвалидитет со исплаќање на месечна рента за инвалидитет или лекување во болница, корисник е самиот осигуреникот, доколку не е поинаку договорено.

[5] Ако корисник е малолетно лице, сумата од осигурувањето се исплаќа на неговите родители односно старатели. Осигурувачот бара од старателот, да за таа цел поднесе полномошно од надлежниот орган за старателство.

Член 14

ПОСТАПКА НА ВЕШТАЧЕЊЕ

[1] Во секој случај кога договорувачот, осигуреникот или корисникот и осигурувачот не се согласни во врска со видот, причината или последиците на несреќниот случај, како и во врска со висината на обврската на осигурувачот, утврдувањето на спорните факти ќе им се довери на вештаци од одредена специјализација, согласно со настанатиот спор.

[2] Во случајот од став(1) на овој член, еден вештак именува осигурувачот а вториот спротивната страна. Доколку нивните наоди не се согласни, именуваните вештаци одредуваат трет вештак, кој своето стручно мислење ќе го даде само во врска со оние факти што се спорни меѓу нив и во границите на нивните наоди и мислења. Секоја страна ги плаќа трошоците за вештаците кои ги именувала, а за третиот вештак секоја страна плаќа половина од трошоците.

Член 15

ОТКАЖУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

[1] Ако траењето на осигурувањето не е определено во договорот, договорувачот може да го откаже договорот со денот на стасаноста на премијата, само претходно за тоа треба писмено да го извести осигурувачот најмалку 1 месец пред стасаноста на премијата. Се смета дека траењето на осигурувањето не е определено, ако во договорот е утврдено времетраење со можност договорот да се продолжува за ист временски период, ако договорувачот пред стасаноста на премијата не го откаже договорот.

[2] Ако осигурувањето е склучено на повеќе од 3 години, по истекот на тој период договорувачот со отказен рок од шест месеци смее да отстапи од договорот, а за тоа писмено да го извести осигурувачот.

Член 16

ПРОМЕНА НА ПОДАТОЦИТЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ОД СТРАНА НА ОСИГУРУВАЧОТ

[1] Договорувачот мора да го извести осигурувачот за промената на адресата на своето живеалиште, односно седиштето или своето име, односно името на фирмата, во рок од 15 денови од денот на промената.

[2] Ако договорувачот ја промени адресата на живеалиштето, односно седиштето или своето име односно името на фирмата, а за тоа не го известил осигурувачот, доволно е осигурувачот, известувањето, да му го испрати на договорувачот на адреса на неговото последно познато живеалиште, односно седиште или да го адресира на неговото последно познато име, односно името на фирмата.

[3] Известувањето, пратено од страна на осигурувачот, се смета за извршено петнаесеттиот ден откако пратката, односно известувањето за пратка е доставено до договорувачот, на адреса на неговото последно познато живеалиште или седиште, односно неговото последно познато име односно името на фирмата.

Член 17: ИНФОРМАЦИИ ВО ВРСКА СО ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

(1) Идентитет и контакт на податоците на контролорот и офицерот за заштита на личните податоци:
Назив: Триглав Осигурување Живот АД, Скопје
Седиште: Бул. 3-та Македонска бригада бр.36,
1000 Скопје
e-mail: info@triglavzivot.mk
(2) Офицер за заштита на лични податоци:oficer.lp@triglavzivot.mk
*Дополнителни информации за офицерот за заштита на лични податоци може да најдете на интернет страницата на Друштвото.

Член 18: ОБРАБОТКА И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ
[1] Триглав Осигурување Живот АД, Скопје врши обработка (собирање, евидентирање, организирање, чување итн.) на лични податоци на осигуреници, договорувачи на осигурување, нивните законски застапници или полномошници во согласност со одредбите на Законот за заштита на лични податоци и другите релевантни позитивни законски прописи, применувајќи соодветни технички и организациски мерки за обезбедување на безбедност на личните податоци. Собраните лични податоци се дел од збирките на лични податоци на Триглав Осигурување Живот АД, Скопје, а Триглав Осигурување Живот АД, Скопје во својство на контролор на личните податоци, истите ги користи совесно, законито и согласно целта за која се собрани.

Член 19: ПРАВЕН ОСНОВ ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ
[1] Триглав Осигурување Живот АД, Скопје собира, обработува, чува, користи и доставува лични податоци кои се неопходни при склучување на договорите за осигурување и исполнување на правата и обврските кои произлегуваат од договорите за осигурување, врз основа на член 109 од Законот за супервизија на осигурување, одредбите од Законот за облигациони односи и одредбите од Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам, а во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Член 20: ЦЕЛИ ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ
(1) Личните податоци (телефонски број и електронска адреса – e-mail), Триглав Осигурување Живот АД, Скопје ги обработува со цел остварување на контакт заради ефикасно остварување на права и обврски кои произлегуваат од договорите за осигурување. Овие податоци за цели доставување на рекламни материјали, промоции, понуди како и за други цели на директен маркетинг од страна на Групацијата Триглав во Република Северна Македонија, ќе бидат искористени само доколку имате дадено согласност, преку одбирање на соодветната опција за согласност.
(2) Со цел водење на постапка за прием во осигурување, склучување на договори за осигурување, како и извршување на права и обврски преземени со склучување на договор за осигурување, Триглав Осигурување Живот АД, Скопје обработува копии од документи во кои се содржани лични податоци.
(3) Личните податоци од став 1 и став 2 на овој член Триглав Осигурување Живот АД, Скопје ги обработува само врз основа на претходна согласност од субјектот на личните податоци, а недавањето на согласност за обработка на податоците од став 2 на овој член може да има за последица одбивање во прием на осигурување, несоодветно проценување или степен на оштета или пак неисплаќање на оштетно барање.
(4) Согласноста за обработка на личните податоци од ставот 3 на овој член може да се повлече во секое време преку доставување на известување за повлекување на согласност по пошта на следната адреса: „Бул. 3-та Македонска бригада бр.36, 1000 Скопје“ со назнака за Офицерот за заштита на лични податоци или преку електронска адреса oficer.lp@triglavzivot.mk. Со повлекување на согласноста за обработка на личните податоци Триглав Осигурување Живот АД, Скопје ќе прекине со понатамошна обработка на личните податоци и истите ќе ги избрише од базите на податоци со што можат да настанат последици на несоодветно проценување на степенот на оштета или неисплаќање на оштетно барање.
Член 21: РОКОВИ ЗА ЧУВАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ
[1] Личните податоци, Триглав Осигурување Живот АД, Скопје ги чува во рок за цело времетраење на договорниот облигационен однос, односно 10 години по истекот на договорот за осигурување или во случај на настанување на штета, 10 години по затворањето на случајот на настанување на штетата, односно од денот на целосната исплата на надоместокот за настаната штета согласно член 109 став 8 од Законот за супервизија на осигурување.
[2] По истекот на роковите од став 1 на овој член личните податоци ќе бидат избришани/уништени од базите на податоци на Триглав Осигурување Живот АД, Скопје и истите нема да се обработуваат за други цели.

Член 22: ПРАВАТА НА СУБЈЕКТИТЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ
[1] Остварување на правата кои произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци (право на пристап, корекција, бришење, ограничување на обработката на лични податоци, приговор и преносливост), се врши преку доставување на барање на електронската адреса на офицерот за заштита на лични податоци: oficer.lp@triglavzivot.mk. На истата електронска адреса може да се достави барање во врска со сите

прашања поврзани со обработката на личните податоци.
[2] Доколку субјектот на лични податоци смета дека обработката на личните податоци за целите наведени во член 20, од страна на Триглав Осигурување Живот АД, Скопје не е во согласност со одредбите на Законот за заштита на личните податоци, или пак смета дека е повредено некое право за заштита на личните податоци, има право да поднесе барање за утврдување на прекршување на прописите за заштита на личните податоци до

Агенцијата за заштита на личните податоци како надлежен орган за вршење на надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на Република Северна Македонија.

Член 23: ПРЕНОС НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ
[1] Триглав Осигурување Живот АД, Скопје е дел од Групацијата Триглав. Личните податоци на субјектите на лични податоци се пренесуваат во рамките на Групацијата, односно во матичното друштвото Заваровалница Триглав каде што личните податоци се обработуваат само за цели на чување. При вршење на преносот на личните податоци се обезбедува високо ниво на технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци. Исто така, во рамките на Групацијата Триглав се обезбедуваат сите неопходни заштитни мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци преку стандардни клаузули за заштита на личните податоци кои се одобрени од страна на Европската комисија. Сите дополнителни информации во однос на заштитните мерки може да се добијат со поднесување на барање до по пошта на следната адреса: „Бул. 3-та Македонска бригада бр.36, 1000 Скопје“ со назнака за Офицерот за заштита на лични податоци или преку електронска адреса oficer.lp@triglavzivot.mk.

Член 24: ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ЗА ЦЕЛИ НА ДИРЕКТЕН МАРКЕТИНГ
(1)Личните податоци за цели на директен маркетинг, Триглав Осигурување Живот АД, Скопје ги обработува само врз основа на изречна согласност за обработка на личните податоци за цели на директен маркетинг кои ги врши Триглав Осигурување Живот АД, Скопје или поврзаните друштва од рамките на Групација Триглав во Република Северна Македонија за своите услуги и услугите на поврзаните друштва од рамките на Групација Триглав во Република Северна Македонија.

(2) Согласноста за обработка на личните податоци за цели на директен маркетинг може да се повлече во секое време, бесплатно, со писмено барање (доставено на следната електронска адреса: oficer.lp@triglavzivot.mk, или по пошта до Триглав Осигурување Живот АД, Скопје, Бул. 3-та Македонска бригада бр.36, 1000 Скопје, со назнака “Офицер за заштита на лични податоци”).

Член 25

ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИ
[1] Во случај кога договорувачот, осигуреникот, односно корисникот на осигурувањето смета дека осигурувачотне се придржува кон одредбите од договорот за осигурување, истиот може да достави претставка со цел вонсудско решавање на настанатиот спор до:
1) Соодветна организациона единица надлежна за решавање на спорови меѓу договорни страни во рамките на друштвото за осигурување;
2) Служба за внатрешна ревизија во друштвото за осигурување;
3) Организација за заштита на потрошувачи, и
4) Агенција за супервизија на осигурување
[2] Заемната согласност помеѓу осигурувачот и подносителот на претставката постигната во вонсудска постапката ќе биде во форма на меѓусебна спогодба.
(3) Осигурувачот е должен да го почитува принципот на доверливост на информациите кои се достапни во процесот на постапување со претставките.

Член 26
ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
[1] Составен дел на Посебните услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај склучено кон основното осигурување е Табелата за определување процент на траен инвалидитет како последица од несреќен случај-незгода.
[2] За односите меѓу осигурувачот и договорувачот, кои не се уредени со овие Посебни услови, се користат одредбите од Законот за облигациони односи.
[3] Осигурувачот ќе го известува договорувачот за сите промени во согласност со законските прописи.
[4] Договорувачот е должен без одлагање да го извести осигурувачот за секоја промена на своето име или презиме, односно назив на фирмата, доколку договорувачот е правно лице како и за адресата на фактичкото живеалиште, односно седиште на фирмата, доколку договорувачот е правно лице.
[5] Овие услови влегуваат во сила од моментот на нивното усвојување, а ќе се применуваат од 01.06.2026 година.

ТАБЕЛА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРОЦЕНТ НА ТРАЕН ИНВАЛИДИТЕТ КАКО ПОСЛЕДИЦА ОД НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ – НЕЗГОДА

ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

(1) Во смисла на член 25 од Посебните услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај, оваа Табела за одредување на процент на траен инвалидитет (во натамошниот текст: Табела на инвалидитет) е составен дел на Општите услови и на секој одделен договор за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) кој договарачот на осигурувањето ќе го склучи со друштвото.

(2) Како траен инвалидитет во смисла на оваа Табела се смета трајна, иреверзибилна состојба на нарушување на нормалната функцијата на дел, односно орган на телото која настанала како последица на несреќен случај во смисла на Посебните услови за осигурување лица од последици од несреќен случај.

(3) Табелата се состои од поглавја по органи на човечкото тело и точки во секое поглавје во кои се утврдени процентите за инвалидитет кои Друштвото ги применува.

ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

(1) За одредување на процентот на траен инвалидитет при осигурување од последици на несреќен случај, се користат исклучиво одредбите од оваа Табела. Процентот на траен инвалидитет се одредува врз основа на мислење на лекар - цензор на Осигурувачот.

(2) Во случај на повреда, конечниот инвалидитет се определува најрано три месеци по завршено севкупно лекување, со исклучок кај ампутациите и точките од Табелата каде поинаку е определено. Псевдоартроза и хроничен фистулозен остеомијелитис се оценува по дефинитивното оперативно и физикално лекување. Ако тоа не се заврши ниту во рок од 3 години од денот на повредата, тогаш како конечна се зема состојбата по истекот на овој рок и според него се определува процентот на инвалидитетот.

(3) Кај повеќекратните повреди на одделни делови, ‘рбетот, органите и прстите на рацете и нозете, вкупниот инвалидитет на одреден дел, ‘рбет, орган или прст се определува така што највисокиот процент на траен инвалидитет определен од лекар-цензор согласно Табелата се зема во полн износ, а од следното најголемо оштетување се зема половина од процентот определен од лекар-цензор и тн. по ред 1/4, 1/8 и тн., (во понатамошниот текст: Правило на пропорција). Вкупниот процент не може да го надмине процентот кој е одреден со Табелата на инвалидитет за потполна загуба на тој дел или орган. При повреда на два или повеќе прсти на еден екстремитет, по определување на процент на траен инвалидитет за секој прст одделно со примена на правилото на пропорција, процентите на траен инвалидитет за секој прст одделно се собираат.

(4) Ако осигуреникот имал траен инвалидитет пред настанувањето на несреќниот случај, обврската на осигурувачот се одредува според новиот инвалидитет, независно од поранешниот, освен во следните случаи:
а) ако новиот несреќен случај предизвикал зголемување на дотогашниот инвалидитет,

обврската на осигурувачот се утврдува за разликата помеѓу вкупниот процент на инвалидитет и поранешниот процент;
б) ако новиот несреќен случај предизвикал загуба или повреда на еден од порано повредените делови или органи, тогаш обврската на осигурувачот се утврдува само за зголемениот инвалидитет.

(5) Не е дозволена примена на две или повеќе точки од Табелата при определување на процент на инвалидитет за исти или различни последици на еден ист зглоб на горните или долните екстремитети, дел или орган на телото, а инвалидитетот се одредува по онаа точка која дава поголем процент на инвалидитет. Во случај на загуба на повеќе делови или органи при еден несреќен случај процентите на инвалидитет за секој одделен дел или орган се собираат, но не може да изнесуваат повеќе од 100%.

(6) Субјективните тешкотии во смисла на намалување на мускулната моторна сила, болки и оток на местото на повредата не се земаат во предвид при одредувањето на процентот на траен инвалидитет. Индивидуалните способности, социјалната положба или професија (професионална способност) на осигуреникот не се земаат во предвид при одредувањето на процентот на инвалидитет.

(7) Контузии, дисторзии, рани, површински изгореници, фисури и други полесни повреди не се земаат во предвид при одредување на процентот на траен инвалидитет.

(8) Козметички естетски белези на кожата, постоперативни лузни и белези не се земаат во предвид при одредување на процентот на траен инвалидитет.

I. ГЛАВА

1. Перзистентна вегетативна состојба	100%
2. Оштетување на мозок со клинички утврдена слика:	
- хемипареза со силно изразен спастицитет; - екстрапирамидна симптоматологија (невозможна координација на движењата или постоење на груби ненамерни движења); - оштетување на малиот мозок со изразени растројства на рамнотежа на одот и координација на движењето	90%
3. Псевдобулбарен синдром	80%
4. Посттравматска епилепсија со зачестени напади и карактеристични промени на личноста, болнички евидентирани, по болничко лекување со соодветни испитувања:	
а) со зачестени напади (најмалку еднаш неделно)	70%
б) со ретки напади	20%
5. Жаришни оштетувања на мозокот со болнички евидентирани последици на психооргански синдром, со наод на психијатар и психолог по болничко лекување со соодветни испитувања:	
а) во лесен степен	40%
б) во силен степен	60%
6. Хемипереза или дисфазија:	
а) во лесен степен	до 30%
б) во силен степен	50%
7. Оштетувања на малиот мозок со адиодохокинеза и асинергија	40%

8. Постконтузионен синдром со постоење на објективен невролошки наод по болнички утврдена контузија на мозокот	10%
9. Оперирaн интрацеребрален хематом без невролошки испади	20%
10. Состојба по трепанација на сводот на черепот или кршење на базата на черепот, сводот на черепот, рентгенолошки верифицирано	10%
11. Посткомоционален синдром после потрес на мозок утврден со болничка хоспитализација	1%
12. Загуба на коса:	
а) загуба на коса над 1/3 од површината на косата	5%
б) загуба на коса над 2/3 од површината на косата	30%

ПОСЕБНИ УСЛОВИ:

1. Патолошките состојби на мозокот потврдени со хоспитализација кои довеле до промени во мозокот не се опфатени со осигурување.

2. За потресите на мозокот каде нема хоспитализација по повредата не се признава инвалидитет.

3. Сите форми на епилепсија мораат да бидат утврдени болнички со примена на современи дијагностички методи.

4. Кај различните последици од повредата на мозокот при еден несреќен случај процентите на инвалидитет не се собираат, туку се одредува процент само по точката која е најповолна за осигуреникот.

5. Трајниот инвалидитет за сите случаи кои спаѓаат под точките од 1 до 11 се определува најрано 1 година по повредата.

6. Последиците од контузии на мозокот мора да бидат докажани со сликовна метода (MRI, CT, PET).

II: ОЧИ

13. Потполна загуба на видот на обете очи	100%
14. Потполна загуба на видот на едно око:	33%
а) со загуба на булбус	38%
15. Ослабување на видот на едно око за секоја десетина на смалување	3,3%
16. Во случај на другото око видот да е ослабен за повеќе од 3 десетини, за секоја десетина од смалување на видот на повреденото око се определува	6,6%
17. Диплопија како трајна и ирепарабилна последица од повреда на око:	
а) екстерна офталмоплегија	10%
б) тотална офталмоплегија	20%
18. Загуба на очно сочиво:	
а) афакија - едностранa	20%

б) афакија - двострана	30%
в) псеудоафакија - едностранa	10%
г) псеудоафакија - двострана	20%
19. Делумни оштетувања на мрежицата и стаклестото тело:	
а) делумен испад на видното поле како последица на посттравматска Ablacia retine	5%
б) опациталес коропорис витреи како последица на травматско краварење во стаклестото тело на окото	5%
20. Мидријаза како последица на директна траума на окото	5%
21. Непотполна внатрешна офталмоплегија	10%
22. Повреда на солзниот апарат и очните капаци:	
а) епифора	5%
б) ентропиум, ектропиум	5%
в) птоза на капаците	5%
23. Концентрично стеснување на видното поле на преостанатото око:	
а) до 60 степени	10%
б) до 40 степени	30%
в) до 20 степени	50%
г) до 5 степени	60%
24. Едностранo концентрично стеснување на видното поле:	
а) до 50 степени	5%
б) до 30 степени	15%
в) до 5 степени	30%
25. Хомонимна хемианопсија	30%

ПОСЕБЕНИ УСЛОВИ:

1. Инвалидитет по Аблација ретине се определува по точките 15, 16 или 19.

2. Повредата на очната јаболкница која предизвикала Аблација ретине мора да биде болнички дијагностицирана.

3. Оцената на оштетувањата на очите се врши по завршеното лекување со исклучок по точките 17 и 21, за кои минималниот рок изнесува една година по повредата.

4. Контузии во пределот на окото, површински лезии на коњуктивата и други лесни повреди кои не ги оштетуваат функцијата и видот на окото, не се земаат во предвид при утврдување на процент на траен инвалидитет.

5. Процентите за инвалидитет за повредите на очи под точките 18,19,20 кои имаат последица и слабеење на видот, не се собираат со процентите од точка 15, туку се избира онаа точка која е поповолна за осигуреникот односно предвидува поголем процент на инвалидитет.

III: УШИ

26. Потполна глувост на обете уши со уредна калорична реакција на вестибуларниот орган	40%
27. Потполна глувост на обете уши со згаснати калорични реакции на	60%

вестибуларниот орган	
28. Ослабен вестибуларен орган со уреден слух	5%
29. Потполна глувост на едно уво со уредна калорична реакција на вестибуларниот орган	10%
30. Потполна глувост на едно уво со згасната калорична реакција на вестибуларниот орган на тоа уво	15%
31. Обострана наглувост со уредна калорична реакција на вестибуларниот орган обострано:	
- вкупна загуба на слухот по Фулер-Сабине:	
а) од 20 - 30%	5%
б) од 31 - 60%	10%
в) од 61 - 85%	20%
32. Обострана наглувост со згасната калорична реакција на еден вестибуларниот орган:	
- вкупна загуба на слухот по Фулер-Сабине:	
а) од 20 - 30%	10%
б) од 31 - 60%	20%
в) од 61 - 85%	30%
33. Обострана наглувост со згасната калорична реакција на двата вестибуларни органа:	
- вкупна загуба на слухот по Фулер-Сабине:	
а) од 20 - 30%	20%
б) од 31 - 60%	30%
в) од 61 - 85%	40%
34. Едностранa тешка наглувост со уредна калорична реакција на вестибуларниот орган:	
- загуба на слухот на ниво од 90 - 95 децибели	10%
35. Едностранa тешка наглувост со згасната калорична реакција на вестибуларниот орган:	
- загуба на слухот на ниво од 90 - 95 децибели	12%
36. Повреда на ушната школка:	
а) делумна загуба или делумна деформација	5%
б) потполна загуба или потполна деформација	10%

ПОСЕБНИ УСЛОВИ:

За сите случаи од ова поглавје инвалидитетот се определува по завршеното лекување, но не порано од 6 месеци по повредата, со исклучок на точката 36, која се оценува по завршеното лекување.

IV: ЛИЦЕ

37. Белезно деформирачки оштетувања на лицето со функционални пречки и/или посттравматски деформитети на коските на лицето:	
а) во лесен степен	до 5%
б) во силен степен	до 15%

38. Ограничено отворање на уста по кршење на долна вилица:	
а) кршење на долна вилица – конзервативно третирана	5%
б) кршење на долна вилица – оперативно третирана	10%
39. Дефекти на виличните коски на јазикот или непцето со функционални пречки:	
а) во лесен степен	10%
б) во силен степен	20%
40. Загуба на постојаните заби рентгенски потврдено, со стоматолошки преглед:	
а) до 16 за секој заб	1%
б) од 17 или повеќе за секој заб	1,5%
41. Пареза на фацијалниот нерв по фрактура на слепоочната коска, или повреда на соодветната паротидна регија:	
а) во лесен степен	до 5%
б) во силен степен со контрактура и кај мимичка мускултура	20%
в) парализа на фацијалниот нерв	30%

ПОСЕБНИ УСЛОВИ:

1. За козметичките, естетските и постоперативните белези на лицето не се одредува инвалидитет.

2. За случаите по точките 37, 38 и 39 инвалидитет се одредува по завршеното лекување, но не порано од 6 месеци по повредата.

3. Инвалидитетот по точката 41 се одредува по завршеното лекување, но не порано од 1 година по повредата.

4. За загуба на млечни заби и за фрактура на заби не се определува процент на траен инвалидитет.

V: НОС

42. Повреда на носот:	
а) делумна загуба на носот	до 10%
б) загуба на целиот нос	30%
43. Аносмиа како последица на верифицирана фрактура на горниот внатрешен дел на носниот скелет	5%
44. Промена на обликот на пирамидата на носот	3%
45. Отежнато дишење поради фрактура на носниот септум која е клинички и рентгенолошки утврдена од соодветен специјалист непосредно по повредата	3%

ПОСЕБНИ УСЛОВИ:

Кога ќе се утврдат различни последици на повредата на носот поради еден несреќен случај, процентите за инвалидитет не се собираат, туку инвалидитетот се оценува по најповолната точка за осигуреникот.

VI: ДУШНИК И ХРАНОПРОВОДНИК

46. Повреди на душникот:	
а) состојба по трахетомија кај виталните индикации по повредата	5%
б) стеноза на душникот по повреда на грклanот и почетниот дел на душникот	10%
47. Стеноза на душникот поради која мора трајно да се носи канила	60%
48. Трајна органска засипнатост поради повредата:	
а) со слаб интензитет	5%
б) со силен интензитет	10%
49. Стеснување на хранопроводникот:	
а) во лесен степен	5%
б) во силен степен	20%
50. Потполно стеснување на хранопроводникот со трајна гастростома	80%

ПОСЕБНИ УСЛОВИ:

Инвалидитетот по точката 48 се одредува по завршеното лекување, но не порано од 1 година по повредата.

VII: ГРАДЕН КОШ

51. Повреди на ребрата:	
а) кршење на едно или две ребра, или скршнување на стернумот	до 2%
б) кршење на три или повеќе ребра	5%
52. Состојба по терактомија	5%
53. Оштетување на функцијата на белите дробови од рестриктивен тип поради кршење на едно или повеќе ребра, пентрантни повреди на градниот кош, посттравматска адхезија, хематоторакса и пневматоркса:	
а) во лесен степен 20 - 30% смалување на виталниот капацитет	10%
б) во среден степен 31 - 50% смалување на виталниот капацитет	30%
в) во силен степен за 51% или повеќе смалување на виталниот капацитет	50%
54. Фистула по емпиема	15%
55. Хроничен белодробен апцес после докажана повреда на белите дробови потврдена со ЦТГ	20%
56. Загуба на една дојка:	
а) до 50 години живот	10%
б) преку 50 години живот	5%
в) тешко оштетување на дојката до 50 години живот	5%
57. Загуба на двете дојки:	
а) до 50 години живот	30%
б) преку 50 години живот	15%
в) тешко оштетување на двете дојки до 50 години живот	10%
58. Последици од пенетрантни повреди на срцето и големите крвни садови на градниот кош:	
а) срце со нормален електрокардиограм	30%
б) со променлив електрокардиограм според тежината на промената	60%
в) крвни садови	15%
г) анеуризма на аортата со инплантата	40%

ПОСЕБНИ УСЛОВИ:

1. Капацитетот на белите дробови се одредува со повторена спирометрија, а по потреба и со детална пулмолошка обработка и ергометрија.

2. Ако состојбата од точките 51, 52, 54 и 55 е проследена со пореметување на функцијата на белите дробови од рестриктивен тип, тогаш не се оценува по наведените точки, туку по точката 53.

3. Инвалидитетот по точките 53, 54 и 55 се оценува по завршеното лекување, но не порано од една година од денот на повредата.

VIII: КОЖА

59. Длабоки белези на телото по опекотини или повреди без пречки на мотилитетот, а повредите зафаќаат површина над 5 цм2:	
а) до 10% од површината на телото	до 5%
б) до 20% од површината на телото	до 10%
в) преку 20% од површината на телото	15%
60. Повреди на кожата кои предизвикале длабоки белези во прегибните регии и се во спротивна насока на линиите на кожата	до 3%

ПОСЕБНИ УСЛОВИ:

1. Случаите од точката 59 се пресметуваат со примена на правилата на деветка (шемата се наоѓа на крајот од табелата).

2. Процентот на инвалидитет се утврдува по завршеното лекување.

3. Длабок белег настанува по длабоки опекотини (III степен) или поткожни субдермални опекотини (IV степен).

4. За последици од епидермални опекотини (I степен), површината (II А степен) и интермедијални опекотини (II Б степен), инвалидитет не се определува.

5. За длабоки белези кои предизвикале пречки во моталитетот траен инвалидитет се определува по соодветна точка за намалена подвижност од оваа табела.

IX: СТОМАЧНИ ОРГАНИ

61. Травматска хернија верифицирана во болница непосредно по повредата ако истовремено покрај хернијата е верифицирана повреда на меките делови на стомачниот ѕид во тоа подрачје	5%
62. Повреди на дијафрагмата:	
а) состојба на прснување дијафрагма во болница непосредно по	10%

повредата верифицирана и хируршки згрижена	
б) дијафрагмална хернија – рецидив по хируршки згрижени дијафрагмални травматски кили	30%
63. Постоперативна хернија по лапартомија која е направена поради повредата	10%
64. Повреда на цревата и/или црниот дроб, желудник:	
а) шиење	20%
б) повреда на црн дроб со ресекција	30%
в) повреда на цревата и/или желудник со ресекција	20%
65. Загуба на слезина (спленектомија):	
а) загуба на слезина до 20 години возраст	25%
б) загуба на слезина над 20 години возраст	15%
66. Повреда на панкреас според функционалното оштетување	20%
67. Токсично оштетување на црниот дроб по труење со отровни материи	10%
68. Анус претернатуралис - траен	50%
69. Стеркорална фистула	30%
70. Инконтинеција алви:	
а) делумна	20%
б) потполна	50%

ПОСЕБНИ УСЛОВИ:

Точките за определување на траен инвалидитет кај стомачните, уринарните и гениталните органи се определуваат само после повреда којашто довела до загуба или оштетување на органот.

X: УРИНАРНИ ОРГАНИ

71. Загуба на еден бубрег - со нормална функција на другиот	30%
72. Загуба на еден бубрег со оштетување на функцијата на другиот:	
а) во среден степен до 50% оштетување на функцијата	50%
б) во силен степен над 50% оштетување на функцијата	80%
73. Функционални оштетувања на едниот бубрег:	
а) во среден степен до 50% оштетување на функцијата	15%
б) во силен степен над 50% оштетување на функцијата	20%
74. Функционални оштетувања на двата бубрега:	
а) во среден степен до 50% оштетување на функцијата	30%
б) во силен степен над 50% оштетување на функцијата	60%
75. Стеноза на уретрата после повреда под 14 ЦХ	20%
76. Повреда на мочниот меур со намален капацитет за секоја 1/3 на намалување на капацитетот	10%
77. Потполна инконтиненција на урината	40%
78. Уринарна фистула (уретална, перинеална, вагинална)	25%

XI : ГЕНИТАЛНИ ОРГАНИ

79. Загуба на еден тестис до 60 години живот	15%
80. Загуба на еден тестис над 60 години живот	5%
81. Загуба на обата тестиса до 60 години живот	50%
82. Загуба на обата тестиси над 60 години живот	30%
83. Загуба на пенисот до 60 години живот	50%
84. Загуба на пенисот над 60 години живот	30%
85. Дефорамција на пенисот со оневозможена кохабитација до 60 години живот	40%
86. Деформација на пенисот со оневозможена кохабитација над 60 години живот	30%
87. Загуба на матката и јајниците до 55 години живот:	
а) загуба на матка	40%
б) за загуба на едниот јајник	10%
в) за загуба на двата јајника	30%
88. Загуба на матката и јајниците над 55 години живот:	
а) загуба на матка	10%
б) загуба на секој јајник	5%
89. Оштетување на вулвата и вагината кои оневозможуваат кохабитација до 60 години живот	50%
90. Оштетување на вулвата и вагината кои оневозможуваат кохабитација над 60 години живот	15%

XII: ‘РБЕТ

91. Повреда на ‘рбетот со трајни оштетувања на ‘рбетниот мозок (тетраплегија, параплегија, триплегија), со загуба на контрола на дефекцијата и мочањето	100%
92. Повреда на ‘рбетот со трајно оштетување на ‘рбетниот мозок (тетрапареза, типереза) без загуба на контролата на дефекцијата и мочањето, верифицирано со ЕМГ:	
а) во лесен степен	до 40%
б) во среден степен	50%
в) во силен степен	60%
93. Повреда на ‘рбетот со пареза на долните екстремитети верифицирани со ЕМГ:	
а) во лесен степен	до 30%
б) во среден степен	40%
в) во силен степен	50%
94. Намалена подвижност на ‘рбетот по повреда на коскениот дел на вратниот сегмент:	
а) во лесен степен	до 10%
б) во среден степен	20%
в) во силен степен	30%
95. Намалена подвижност на ‘рбетот по повреда на коскениот дел на торакалниот сегмент:	
а) во лесен степен	до 5%
б) во среден степен	10%
в) во силен степен	15%
96. Намалена подвижност на ‘рбетот по повреда на коскениот дел на лумбалниот сегмент:	

а) во лесен степен	до 10%
б) во среден степен	20%
в) во силен степен	30%
97. Намалена подвижност на ‘рбетот по повреда на коскениот дел на лумбалниот сегмент, Т х 12 и Л1:	
а) во лесен степен	до 5%
б) во силен степен	15%

ПОСЕБНИ УСЛОВИ:

1. Оштетувањата кои спаѓаат под точката 91 се оценуваат по утврдување на ирепарабилни невролошки лезии, а за точките 92 и 93 се оценуваат по завршеното лекување, но не порано од една година од денот на повредата.

2. Херниј дисциинтервертебралис, сите видови лумбалгии, дископатија, спондилози, спондилистези, спондилолиза, сакралрии, миофасцитиси, коксигодини, ишиалгии, фибразитис, фасцитиси и сите патоанатомски промени на слабинско крстни регии означени со аналогни термини, не се опфатени со осигурување.

3. За оценка на точките од оваа глава задолжително е на осигурувачот да му се достават РТГ снимки на увид.

XIII: КАРЛИЦА

98. Повеќекратна фрактура на карлица зарасната со дислокација на скршениците или зглобовите (SI или симфиза)	30%
99. Стабилна фрактура на карлица зарасната со дислокација на скршениците или зглобовите	5%
100. Незарасната скршеница во пределот на карлицата	15%
101. Состојби по фрактура на крстната коска во подрачјето на SI зглобовите зарасната со дислокација	10%
102. Фрактура на тртна коска, зарасната со дислокација или оперативно отстранет скршен:	
а) фрагмент	5%
б) оперативно отстранета тртна коска	10%

ПОСЕБНИ УСЛОВИ:

За кршење на коските на карлицата кои зараснале без дислокација и без објективни функционални пречки не се одредува инвалидитет.

XIV: РАЦЕ

103. Загуба на двете раце или дланки	100%
104. Загуба на раката од рамото (ексартихулација)	70%
105. Загуба на раката во подрачје на надлактицата	65%
106. Загуба на раката под лактот со задржана функција на лактот	60%
107. Загуба на дланка	55%
108. Загуба на сите прсти:	

а) на двете дланки	90%
б) едната дланка	45%
109. Загуба на палец	18%
110. Загуба на показалец	10%
111. Загуба на среден, до мал и мал прст:	
а) среден	7%
б) до мал или мал, за секој прст	5%
112. Загуба на метакарпалните коски на палецот	6%
113. Загуба на метакарпалните коски на показалецот	4%
114. Загуба на метакарпалните коски на средниот, до малиот и малиот прст, за секоја коска	3%

ПОСЕБНИ УСЛОВИ:

1. За загуба на еден член на палецот се одредува половина, а за загуба на еден член од останатите прсти се определува третина од инавалидитетот определен за соодветниот прст.

2. Делумна загуба на коскениот дел на членчето се оценува како потполна загуба на членчето.

3. За загуба на јагодица од прстот се определува 1/2 од инвалидитетот определен за загуба на член.

XV: НАДЛАКТИЦА

115. Анкилоза на рамениот зглоб	30%
116. Намалена подвижност на рамениот зглоб по фрактура на коскената структура:	
а) во лесен степен	до 3%
б) во среден степен	до 8%
в) во силен степен	до 15%
117. Посттравматско рецидивирачко исчашување на рамениот зглоб	10%
118. Клучна коска:	
а) недислоцирана скршеница на клучна коска	2%
б) неправилно зарасната скршеница на клучната коска и/или псевдоартроза на клучна коска	до 5%
119. Потполно исчашување на акромиоклавикуларниот или стерноклавикуларниот зглоб рентгенски верифицирано	5%
120. Ендопротеза на рамениот зглоб	30%
121. Псевдоартроза на надлактичната коска верифицирано со РТГ	20%
122. Хроничен остеомилитис на коските на горните екстремитети со фистула посттравматска	10%
123. Руптура на мускулниот супраспинатус или на мускулниот бицепс брахии	2%
124. Парализа на нервот аксесорисус	15%
125. Парализа на брахијалниот плексус	60%
126. Делумна парализа на брахијалниот плексус (ЕРБ или КУМПКЕ)	35%
127. Парализа на аксиларниот нерв	15%
128. Парализа на радијалниот нерв	30%

129. Парализа на нервот медианус	35%
130. Парализа на нервот улнарис	30%
131. Парализа на два нерва од едната рака	50%
132. Парализа на три нерва од едната рака	60%
133. Скршеница на надлактна коска во средна третина:	
а) конзервативно третирана	до 5%
б) оперативно третирана	до 10%

ПОСЕБНИ УСЛОВИ:

1. Пареза на нервите се одредува максимално до 2/3 од инвалидитетот определен за парализа на соодветниот нерв.

2. За случаите кои спаѓаат под точките 127 до 132, инвалидитет се определува по завршеното лекување, но не пред две години по повредата со задолжителна верификација со ЕМГ не постара од 3 месеци.

3. За одредување на степенот на смалена подвижност во точка 116 под лесен степен се подразбира смалување на подвижноста како последица на скршување на коските без дисклокација, под среден степен се подразбира смалување на подвижноста како последица на скршување на коските со дисклокација и/или интраартикуларни скршеници – конзервативно третирани, и под силен степен се подразбира смалување на подвижноста како последица на скршување на коските со дисклокација и/или интраартикуларни скршеници оперативно третирани со остеосинтетски материјал.

4. За рецидивирачко исчашување на рамениот зглоб кое често се јавува не се признава инвалидитет.

5. Инвалидитетот по точката 117 се одредува само за прва луксација.

XIV: ПОДЛАКТИЦА

134. Анкилоза на зглобот на лактот	25%
135. Намалена подвижност на зглобот на лактот:	
а) во лесен степен	до 3%
б) во среден степен	до 8%
в) во силен степен	до 15%
136. Разлабавен зглоб на лактот (разлабавен во фронтална рамнина) осцилација на движењата во спротивна насока:	
а) во лесен степен	до 3%
б) во среден степен	до 8%
в) во силен степен	до 15%
137. Ендопротеза на лактот	25%
138. Псевдоартроза на двете коски на подлактицата	30%
139. Псевдоартроза на радиусот	15%
140. Псевдоартроза на улната	10%
141. Анкилоза на подлактицата во супинација	25%
142. Анкилоза на подлактицата во средна положба	15%
143. Анкилоза на подлактицата во пронација	20%

144. Намалена ротација на подлактицата (просупинација):	
а) во лесен степен	до 3%
б) во среден степен	до 8%
в) во силен степен	до 15%
145. Анкилоза на рачниот зглоб:	
а) во положба на екстензија	до 15%
б) во оската на подлактицата	до 20%
в) во положба на флексија	до 30%
146. Намалена подвижност на рачниот зглоб:	
а) во лесен степен	до 3%
б) во среден степен	до 8%
в) во силен степен	до 15%
147. Ендопротеза на чунестата коска и/или ослинатум (месечеста коска)	15%
148. Ендопротеза на рачниот зглоб	25%
149. Скршеница на подлактна коска во средна третина:	
а) во лесен степен	до 5%
б) во силен степен	до 10%

ПОСЕБНИ УСЛОВИ:

1. Псевдоартроза на навикуларната и/или полумесечестата коска се оценува според точка 144.

2. За одредување на степенот на смалена подвижност во точките 135, 136, 144 и 146 под лесен степен се подразбира смалување на подвижноста како последица на кршење на коските без дисклокација, под среден степен се подразбира смалување на подвижноста како последица на кршење на коските со дисклокација и/или интраартикуларни скршеници – конзервативно третирани и под силен степен се подразбира смалување на подвижноста како последица на кршење на коските со дисклокација и/или интраартикуларни скршеници оперативно третирани со остеосинтетски материјал.

3. Поради намалување на само едно движење се признава 1/2 од соодветниот инвалидитет по точка 149.

XIV: ПРСТИ

150. Потполна вкочанетост на сите прсти од едната рака	40%
151. Потполна вкочанетост на целиот палец	15%
152. Потполна вкочанетост на целиот показалец	9%
153. Потполна вкочанетост на средниот, до малиот и малиот прст:	
а) целиот среден прст	6%
б) до малиот или малиот прст, за секој	4%
154. Намалена подвижност на палецот по уредно зараснато кршење на базата на метакарпалната коска (Бенет), рентгенолошки докажана скршеница	5%
155. Фрактура на метакарпалните коски:	
а) неправилно зарасната фрактура на прва I метакарпална коска	3%
б) за останатите метакарпални коски II,III,IV и V за секоја коска	2%

156. Намалена подвижност на дисталниот или базалниот зглоб на палецот	3%
157. Намалена подвижност на одделни зглобови на показалецот, за секој зглоб	2%
158. Намалена подвижност на одделни зглобови на среден прст, за секој зглоб	2%
159. Намалена подвижност на одделни зглобови на до малиот или малиот прст	1%

ПОСЕБНИ УСЛОВИ:

1. За потполна вкочанетост на еден зглоб, на палецот се определува половина, а за потполна вкочанетост на еден зглоб на другите прсти се определува третина од инвалидитетот определен за загуба на тој прст.

2. Збирот на процентот на вкоченост на одредени зглобови на еден прст не може да биде поголем од процентот определен за потполна вкочанетост на тој прст.

3. Вкупниот инвалидитет по точките 156, 157 и 158 не може да изнесува повеќе од инвалидитетот за потполна вкочанетост на истиот прст.

4. За оценка по точките од оваа глава задложително е на осигурувачот да му се достават РТГ снимки на увид.

XV: НОЗЕ

160. Загуба на двете натколеници	100%
161. Ексартикулација на нога во колк	70%
162. Загуба на натколеница во горната третина, осакатениот бут неповолен за протеза	60%
163. Загуба на натколеница под горната третина	50%
164. Загуба на двете потколеници, оскатени делови поволни за протеза	80%
165. Загуба на потколеница, оскатен дел под 6 см	45%
166. Загуба на потколеница, оскатен дел преку 6 см	40%
167. Загуба на двете стапала	80%
168. Загуба на едно стапало	35%
169. Загуба на стапало во Шопартова линија	35%
170. Загуба на стапало во Лисфранова линија	30%
171. Трансметатарзална ампутација	25%
172. Загуба на првата или петтата метатарзална коска	5%
173. Загуба на втората, третата или четвртата метатарзална коска, за секоја	3%
174. Загуба на сите прсти на стапалото на една нога	20%
175. Загуба на палецот на стапалото:	
а) загуба на крајното членче на палецот	5%
б) загуба на целиот палец	10%
176. Загуба на целиот 2-5 прст на ногата, за секој прст	2%
177. Делумна загуба на целиот 2-5 прст на ногата, за секој прст	1%
178. Анкилоза на колкот	35%
179. Анкилоза на двата колка	70%

180. Нерепонирано трауматско исчашување на колк	40%
181. Псевдоартроза на вратот на бутната коска со скратување на нозете:	
а) пациент подвижен со помагало	до 30%
б) пациент неподвижен (не гази)	40%
182. Посттрауматска артроза по фрактура, компарирно со здравиот колк:	
а) во лесен степен намалување до 1/2 подвижност во зглобот	5%
б) во силен степен намалување преку 1/2 подвижност во зглобот	10%
183. Ендопротеза на колкот	30%
184. Намалена подвижност во колкот по скршеница верифицирано со РТГ:	
а) во лесен степен	до 5%
б) во среден степен	до 10%
в) во силен степен	до 20%
185. Псевдоартроза на бутна коска	25%
186. Скршеница на бутна коска во средна третина	
а) конзервативно третирана	до 5%
б) оперативно третирана	до 10%
187. Неправилно зарасната фрактура на бедрените коски со ангулација или рорација:	
а) за 10 до 20 степени	до 10%
б) за повеќе од 20 степени	15
188. Хроничен остеомиелитис на коските на долните екстремитети со фистула посттравматска	10%
189. Големи и длабоки белези во мускулите на натколеницата или потколеницата како и травматските хернии на мускулите на натколеницата и потколеницата без пореметување на функцијата на зглобот	до 5%
190. Циркулаторни промени по посттравматско оштетување на големите крвни садови на долните екстремитети:	
а) потколеница	до 10%
б) натколеница	до 20%
191. Руптура на мускулите, докажана со УЗ наод, со функциски пречки	2%
192. Слободно зглобно тело поради повреда со функционални пречки	5%
193. Скратување на ногата поради кршење:	
а) од 2 до 4 цм	до 10%
б) од 4,1 до 6 цм	15%
в) преку 6 цм	20%
194. Вкочанетост на коленото:	
а) во функционално поволна положба (до 10 степени флексија)	25%
б) во функционално неповолна положба	35%
195. Деформирачка артроза на коленото по повредата на зглобните тела со намалена подвижност со рентгенолошка верификација:	
а) во лесен степен	до 15%
б) во среден степен	20%
в) во силен степен	30%
196. Намалена подвижност на зглобот на коленото, по фрактура на зглобот:	
а) во лесен степен	до 5%
б) во среден степен	10%
в) во силен степен	20%
197. Лабавост на колената по руптура на капсулите и/или лигаментарниот апарат во споредба со здраво колено тестирано по Nosberger и потврдено со магнетна	

резонанца MRI:	
а) во лесен степен	до 5%
б) во среден степен	10%
в) во силен степен	20%
198. Ендопротеза на колената	20%
199. Оштетување на менискусот со рецидивирачки пречки утврдено непосредно по настанување на несреќниот случај:	
а) потврдена со МР, без артроскопија	2,5%
б) артроскопски потврдено или состојба по оперативно отстранување на менискусот	5%
200. Функционални пречки по отстранување на чашка:	
а) парцијално отстранета чашка	5%
б) целосно отстранета чашка	10%
201. Псевдоартроза на чашка	10%
202. Рецидивирачки травматски синовитис на колената и/или травматска хондромалација на чашката	до 5%
203. Псевдоартроза на тибијата:	
а) без коскен дефект	20%
б) со коскен дефект	30%
204. Скршеница на коските на потколеница во средна третина:	
а) конзервативно третирана	до 5%
б) оперативно третирана	до 10%
205. Неправилно зараснато кршење на потколениците со валгус, варус или рекурвстум деформација, компарирано со здравата потколеница:	
а) од 5 до 15 степени	до 10%
б) преку 15 степени	до 15%
206. Анкилоза на скоковниот зглоб, по фрактура	20%
207. Намалена подвижност на скоковниот зглоб:	
а) во лесен степен	до 5%
б) во среден степен	8%
в) во силен степен	15%
208. Ендопротеза на скоковниот зглоб	25%
209. Неправилно зараснат прелом малеола со проширување на просторот помеѓу малеолите, РТГ верифицирано	до 15%
210. Деформација на стапалото, со скршеници на коските: пес ескаватус, пес плановалгус, пес варус, пес еквинус:	
а) во лесен степен	до 10%
б) во силен степен	до 20%
211. Скршеница на калканеусот:	
а) недислоцирана скршеница	до 8%
б) деформација по компресивно кршење	до 15%
212. Скршеница на талус:	
а) недислоцирана скршеница	до 8%
б) скршеница со деформирачка артроза	до 15%
213. Изолирани кршења на коските на тарсусот без поголеми деформации	2,5%
214. Скршеница на метатарзална коска	до 3%
215. Анкилоза на крајниот зглоб на палецот на нога	2,5%
216. Анкилоза на основниот или двата зглоба на палецот на нога	5%

217. Вкочанетост на основниот зглоб на 2 до 5 прст, за секој прст	1%
218. Деформација или анкилоза на 2 до 5 прст на ногата во свиена положба (дигитус флексис) за секој прст	1,5%
219. Големи белези на петата или табанот по дефектите на меките делови:	
а) површина од 1/4 до 1/2	до 10%
б) површина над 1/2	до 20%
220. Парализа на исхијадичниот нерв	40%
221. Парализа на феморалниот нерв	30%
222. Парализа на тибијалниот нерв	25%
223. Парализа на перонеалниот нерв	25%
224. Парализа на глутеалниот нерв	10%
225. Операциски лекувана рупутира на Ахилова тетива	3%

ПОСЕБНИ УСЛОВИ:

1. За пареза на нервите на нозете се определува максимално до 2/3 од процентот определен за парализа на соодветниот нерв.

2. За одредување на инвалидитет по точка 190, осигуреникот е должен повредите да ги докаже со ЦТ ангио или со доплер на крвни садови.

3. За случаите кои спаѓаат од точка 220 до 224 се определува инвалидитетот по завршеното лекување, но не порано од 2 години по повредата, со верификација ЕМГ не постара од 3 месеци.

4. Дисторзии на зглобови не се опфатени со осигурувањето.

5. За истегнување на скоковниот зглоб без докажана руптура на лигаментарниот апарат, трајниот инвалидитет според оваа табела не се признава.

6. Анкилоза на интерфалангеалните зглобови на 2 до 5 прст во истегната положба, или намалена подвижност на тие зглобови, не претставува инвалидитет.

7. Повредите на меките делови и лигаментарниот апарат на долните екстремитети кои се од дегенеративен карактер или се настанати по неколкукратни репетатирачки мали повреди за кои не постои изворна медицинска документација добиена непосредно по настанување на несреќниот случај, не се определува инвалидитет.

8. За одредување на степенот на смалена подвижност во точките 183, 194, 195 и 207 под лесен степен се подразбира смалување на подвижноста како последица на скршување на коските без дисклокација, под среден степен се подразбира смалување на подвижноста како последица на скршување на коските со дисклокација и/или интраартикуларни скршеници – конзервативно третирани, и под силен степен се подразбира смалување на подвижноста како последица на скршување на коските со дисклокација и/или интраартикуларни скршеници оперативно третирани со остеосинтетски материјал.

ОЦЕНКА НА ОПЕКОТИНИ СПОРЕД Wallace-ово ПРАВИЛО	
Правило на деветка:	
- врат и глава	9%

- рака	9%
- предна страна на тело	2X9%
- задна страна на тело	2X9%
- нога	2X9%
- перинеум и генитални органи	1%